,

# СЛУЖБЕ Н  Г Л А С Н И К

## НА

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА



| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Крива Паланка<br>Издавач : Општина Крива Паланка<br>Излегува по потреба | Број 13<br><br>08.10.2024 | Гласникот е бесплатен |

Врз основа на член 14 став (36) од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24),Одлуката за востановување општински признанија и награди бр,07-2173/15 од 26.08.2011 година ,Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за востановување општински признанија и награди бр.07/2457/25 од 30.09.2011 година и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за востановување општински признанија и награди бр. 09-1829/19 од 25.06.2018 година, а по предлог на Одбор за доделување на награди и признанија, Советот на Општина Крива Паланка на свечената седница, одржана на 07.10.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За доделување на наградата „8-ми Октомври“, и признанија за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка за 2024 година**

**Член 1**

Наградата „8-ми Октомври“ за 2024 година во Општина Крива Паланка се доделува на:

**- Г-дин Срѓан Захариевски**, тренер -стратег на ФК Вардар и спортски амбасадор за континуирана афирмација на Крива Паланка и државата во интернационални рамки

**Член 2**

Наградата **„**Признание за особено постигнување и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка “ во чест на празникот на Општината „8-ми Октомври“ за 2024 година во Општина Крива Паланка се доделува на:

- **Проф.др.Николај Валканов**- сопственик на Минстрој Холдинг за особен придонес во развојот на локалната економија како најголем работодавач и концесионер во Општина Крива Паланка

**Член 3**

Признанија за промоција и развојот на Општина Крива Паланка во чест на празникот на Општината „8-ми Октомври“ за 2024 година се доделуват на:

1. **Распеани Паланчани** , за зачувување и афирмација на традицијата и културното наследство на Крива Паланка ;
2. **Фестивал на детска песна „Распеано симитче“** ,за промоција на музичките вредности и афирмација на младите таленти од општината;
3. **КМФ „Осогово 2022**“, за промовирање и развој на спортот Крива Паланка и особени достигнувања на национално ниво ;
4. **Блог „Градот со вкус на симит“ и г-дин Роберт Крстевски ,** за промоција на кривопаланечката историја, културниот идентитет и традиција на градот ;
5. **Компанија „Универзал-С “ и г-дин Горан Стојковски** , за придонес во развојот на локалната економија и унапредување и вложување во нови технологии.

**Член 4**

Благодарници во чест на празникот на Општината „8-ми Октомври“ за 2024 година се доделуват на:

1. **Др. Ацо Младеновски,** спец. по гинекологија и акушерство за неизмерен придонес во областа на здравството, здравствената едукација и подигањето на свеста за женското здравје во Крива Паланка ;
2. **Др. Горан Младеновски** , спец. по гинекологија и акушерство , за неизмерен придонес во областа на здравството, здравствената едукација и подигањето на свеста за женското здравје во Крива Паланка ;
3. **Др. Даниел Милковски**, спец. по гинекологија и акушерство, за огромен придонес во здравствената поддршка и унапредување на здравјето на граѓаните од Крива Планка;
4. **Др. Душан Петковски** , спец.кардиолог за огромен придонес во здравствената поддршка и унапредување на здравјето на граѓаните од Крива Паланка ;
5. **Др. Грети Јакимовска** , спец. дерматовенеролог за огромен придонес и хуманост при помош и поддршка за унапредување на здравјето на граѓаните од Крива Паланка ;
6. **Др.Емил Стоицовски**, спец.анестезиолог за за огромен придонес во здравствената поддршка и унапредување на здравјето на граѓаните од Крива Паланка ;
7. **Г-дин Злате Јовановск**и , полковник во пензија за особен придонес за безбедноста и благосостојбата на кривопаланчани, особено во кризни состојби ;
8. **Г-дин Бранко Трајановски** , началник во пензија за особен придонес за безбедноста и благосостојбата на кривопаланчани, особено во кризни состојби.

**Член 5**

Наградата од член 1 ст.1 од Одлуката се доделува како плакета, парична награда во износ од 35.000 денари и благодарница.

Наградата од член 2 ст.1 од Одлуката се доделува како плакета и благодарница.

Средствата за доделување на наградата „8-ми Октомври“за 2024 година ќе се обезбедат од Буџетот на Општината Крива Паланка.

**Член 6**

Наградата “8-ми Октомври и признанија за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка за 2024 година ,ќе се доделат на Свечената академија во чест на ослободување на Крива Паланка на 8-ми Октомври 2024 година .

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09 – 5008 /3**
**07.10.2024 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08 / 10 ; 08 / 14 , 02 / 18 ; 03/19 ; 08/21 ; 01/23 ;05/23 и 14/23), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за доделување на наградата „8-ми Октомври“, и признанија за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка за 2024 година**

1.Се објавува Одлука за доделување на наградата „8-ми Октомври“, и признанија за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка за 2024 година ,што Советот ја донесе на свечената седница, одржана на ден 07.10.2024 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 5008/4**
**08.10.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36, став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ( „ Службен весник на Р.М “бр.05/2002) ,а во врска со член 34 од Законот за Буџетите ( „ Службен весник на РМ “ бр. 64/05 ; 04/08 ; 103/08 ; 156/09 ; 95/10 ; 180/11 ; 171/12 ; 192/15 и 167/16 и („ Службен весник на РСМ“бр. 151/21) и член 14 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Крива Паланка („ Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24 ) ,Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на **07.10.2024** година, донесе :

# О Д Л У К А

## За проширување на средствата на Буџетот на Општина КРИВА ПАЛАНКА

## за 2024 година

### Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година , на следноит начин :

**Потпрограма**

**Потставка** **САМОФИНАНСИ. ДОТАЦИИ ДОНАЦИИ КРЕДИТИ**

Се зголемуваат приходите на следните подставки :

741120 Блок дотации на општината по одделни намени 0 10.468.827 0 0

**ВКУПНО ПРИХОДИ: 10.468.827**

и се распрерадуваат на следните расходни подставки:

| | САМОФИНАНСИ. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|
| **N10 Основно образование** | | | | |
| 401320-Персонален данок на доход од надоместоци | 0 | 60,000 | 0 | 0 |
| 404110-Надоместоци за годишен одмор | 0 | 386,000 | 0 | 0 |
| 423310-Униформи | 0 | 1,465,000 | 0 | 0 |
| 425760-Превозни услуги во образованието | 0 | 250,000 | 0 | 0 |
| 426410-Објавување на огласи | 0 | 20,000 | 0 | 0 |
| 426990-Други оперативни расходи | 0 | 200,000 | 0 | 0 |
| 464940-Трансфери при пензионирање | 0 | 422,000 | 0 | 0 |
| 482930-Реконструкција на други објекти | 0 | 2,298,333 | 0 | 0 |
| 483120-Купување на училишен мебел | 0 | 1,875,667 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО ЗА N1:** | **0** | **6,977,000** | **0** | **0** |
| **N20 Средно образование** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 420130-Патување во земјата сместување | 0 | 60,000 | 0 | 0 |
| 421390-Други трошоци за комуникација | 0 | 10,000 | 0 | 0 |
| 423610-Наставни образовни помагала | 0 | 500,000 | 0 | 0 |
| 423810-Ситен инвентар | 0 | 20,000 | 0 | 0 |
| 425760-Превозни услуги на образованието | 0 | 789,000 | 0 | 0 |
| 426210-Репрезентации | 0 | 20,000 | 0 | 0 |
| 426410- Објавување на огласи | 0 | 30,000 | 0 | 0 |
| 464940-Трансфери при пензионирање | 0 | 90,000 | 0 | 0 |
| 464990-Други трансфери | 0 | 44,000 | 0 | 0 |
| 483120-Купување на училишен мебел | 0 | 437,000 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО ЗА N2:** | **0** | **2,000,000** | **0** | **0** |
| **V10 Детски градинки** | | | | |
| 401130-Основни плати -други вработени | 0 | 133,574 | 0 | 0 |
| 401310-Персонален данок на доход од плата | 0 | 10,426 | 0 | 0 |
| 402110-Основни придонеси за ПИО | 0 | 37,598 | 0 | 0 |
| 402210-Основни придонеси за здравство | 0 | 14,997 | 0 | 0 |
| 402220-Основен придонес за здравствено заболување | 0 | 1,003 | 0 | 0 |
| 402310-Основен придонес до Агенција за вработување | 0 | 2,402 | 0 | 0 |
| 423120-Списанија весници и др.изданија | 0 | 20,000 | 0 | 0 |
| 423310-Обувки | 0 | 30,000 | 0 | 0 |
| 423610-Наставно образовни помагала | 0 | 180,000 | 0 | 0 |
| 423810-Ситен инвентар | 0 | 260,000 | 0 | 0 |
| 423990-Други материјали | 0 | 40,000 | 0 | 0 |
| 424110-Поправки и сервисирање на лесни возила | 0 | 30,000 | 0 | 0 |
| 424210-Одржување на згради | 0 | 20,000 | 0 | 0 |
| 424230-Дезинфекција,дезинсекција и дератизација | 0 | 20,000 | 0 | 0 |
| 424420-Поправка и одржувањ на софтверс и хадверс | 0 | 20,000 | 0 | 0 |
| 424440-Поправки и одржување на друга опрема | 0 | 50,000 | 0 | 0 |
| 425490-Други здравствени услуги | 0 | 10,000 | 0 | 0 |
| 426310-Семинари и коференции | 0 | 20,000 | 0 | 0 |
| 426410-Објавување на огласи | 0 | 10,000 | 0 | 0 |
| 426990-Други оперативни расходи | 0 | 30,000 | 0 | 0 |
| 464990-Други трансфери | 0 | 50,000 | 0 | 0 |
| 480140-Купување на информатичка и видео опрема | 0 | 230,000 | 0 | 0 |
| 480160-Купување на опрема за греење климатизација | 0 | 200,000 | 0 | 0 |
| 480190-Купување на друга опрема | 0 | 35,000 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 483190-Купување на друг мебел | 0 | 36,827 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО ЗА V1:** | **0** | **1,491,827** | **0** | **0** |
| **ВКУПНО ПРОШИРУВАЊЕ НА 930 :** | **0** | **10.468.827** | **0** | **0** |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка и станува составен дел на Буџетот за 2024 година.

**Бр. 09 – 5008/5**
**07.10.2024 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08 / 10 ; 08 / 14 , 02 / 18 ; 03/19 ; 08/21 ; 01/23 ;05/23 и 14/23), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина КРИВА ПАЛАНКА**

**за 2024 година**

1.Се објавува Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина КРИВА ПАЛАНКА за 2024 година,што Советот ја донесе на свечената седница, одржана на ден 07.10.2024 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 5008/6**
**08.10.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

**Ред.број** **С О Д Р Ж И Н А** **страна**

1. Одлука за доделување на наградата „8-ми Октомври“, и признанија за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка за 2024 година.......................................................................................................................................1

2.Заклучок за објавување на Одлука за доделување на наградата „8-ми Октомври“, и признанија за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка за 2024 година..........................................................................................................3

3. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина КРИВА ПАЛАНКА за 2024 година.......................................................................................................................................4

4.Заклучок за објавување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина КРИВА ПАЛАНКА за 2024 година..........................................................................................7